Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

**од Сто седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 август 2023 година**

**Скопје, август 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто седумдесет и деветтатаседница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 18 август 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 14:10 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Мецити, министер за здравство,Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваа и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика,м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура иБеким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата,д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука,м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за состојбата на акумулацијата Паљурци и обезбедување на дополнителни количини на вода за истата

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на Акумулацијата Паљурци и обезбедување на дополнителни количини на вода за истата и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го пушти во работа Хидросистемот „Спас за Дојранско Езеро“, со цел да се изврши континуиран дотур на вода во Акумулацијата Паљурци во количина од 100л/сек., во период од 15 до 30 дена, во зависност од потребите за наводнување и одржување на биолошкиот минимум во Акумулацијата.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:18 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**